Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр.-Nr. 26-456/31
30-07-2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) и Предлогот доставен од членот известител доц.д-р Анита Ангелеска бр.26-765/2 од 29.07.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 29.07.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Македонски јазик и литература за II година гимназиско образование**

1. СЕ ОДОБРУВА за употреба на учебник по наставниот предмет Македонски јазик и литература за II година гимназиско образование со шифра 015 од Друштвото за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје од авторите: Веселинка Лаброска, Емилија Величкова, Наташа Ацевска, Тања Андонова Митревска и Јованка Денкова.
2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.
3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 24.11.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во гимназиско образование бр.26-1224/1 од 24.11.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-319/9 од 12.03.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-38/1 од 13.03.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-319/14 од 13.03.2026 година и допис бр.32-39/1 од 13.03.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-319/16 од 13.03.2026 година шифрираните ракописи со шифра 013, шифра 014 и шифра 015, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-319/17 од 13.03.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-734/4 од 24.03.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-319/19 од 24.03.2026 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра 013, шифра 014 и шифра 015 по наставниот предмет **Македонски јазик и литература за II година гимназиско образование**.

Во мислењето е наведено дека за ракописите за учебник со шифра 013, шифра 014 и шифра 015 се дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 02.04.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-456/1 од 16.04.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник по наставниот предмет **Македонски јазик и литература за II година гимназиско образование.**

На ден 29.04.2026 година еден од избраните рецезенти за стручно мислење доставил Барање бр. 26-456/3 со кое бара да биде изземен од Рецезенската комисија.

Еден член на Рецензентската комисија доставил Стручно мислење бр.26-456/4 од 04.05.2026 година во кое има наведено дека со компаратистички метод меѓу трите учебници најмногу внимание се посветило на одделот книжевност и творење/изразување. За првиот дел „Јазик и комуникација" нема што многу да се каже – граматиката е строго нормирана дисциплина и тие оддели во трите учебника се изработени стандардно и задоволително. Но според сите други параметри, ракописот за учебник со шифра 013, се издвојува како најдобар, најмалку една класа над ракописите за учебници со шифри 014 и 015. Во мислењето е наведено и дека се остава можност на останатите членови на комисијата или да се придружат кон ова мислење со свои дополнувања и потпис или да достават нивни стручни мислења доколку сметаат поинаку.

Вториот член на Рецензентската комисија доставил наративен извештај бр.26-456/8 од 04.05.2026 година во кој има наведено дека ракописите за учебник со шифри 013 и 014 не се усогласени со содржината на Наставната програма, со резултатите од учењето, со стандардите за оценување, со националните стандарди и Концепцијата за изработка на учебник, што ги прави овие ракописи несоодветни за реализацијата на воспитно-образовниот процес по наставниот предмет Македонски јазик и литература за II година гимназиско образование за односната целна група и не ги предлага за печатење. Додека за ракописот за учебник со шифра 015 е наведено дека истиот е усогласен со содржината на Наставната програма, со резултатите од учењето, со стандардите за оценување, со националните стандарди и Концепцијата за изработка на учебник, што го прави овој ракопис соодветен за реализацијата на воспитно-образовниот процес по наставниот предмет Македонски јазик и литература за II година гимназиско образование за односната целна група и го предлага за печатење.

На седницата одржана на ден 15.05.2026 година од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование е избран нов член на рецензентската комисија за што е донесено решение за измена на решението за формирање на рецензентска комисија со бр.26-456/9 од 21.05.2026 година.

На ден 26.05.2026 година ново избраниот член на Рецензентската комисија доставил Известување бр. 26-456/10 со кое ја информира Националната комисија за учебници дека не е во можност да ја прифати обврската.

На седницата одржана на ден 03.06.2026 година од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование е избран нов член на рецензентската комисија за што е донесено решение за измена на решението за формирање на рецезенска комисија со бр.26-456/11 од 05.06.2026 година.

Ново избраниот член на Рецензентската комисија доставил Рецензија бр.26-456/17 од 17.06.2026 година во која наведува дека споредувајќи ги ракописите за учебници со шифри 013, 014 и 015 утврдил дека ниту еден ракопис за учебник во целост ја нема исполнето Наставната програма за што приложува како прилог и извадоци од Наставната програма кои смета дека не се исполнети. Од извадоците од Наставната програма може да се увиди дека се од Наставната програма од 2002 година а не од ново донесената наставна програма по која бил објавен Конкурсот. Воедно во Рецензијата има наведено и дека бара да биде иземена во следното рецензирање на ракописите.

Врз основа на доставената рецензија во која е побарано и изземење на рецензентот на седницата одржана на ден 25.06.2026 година од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование е избран нов член на рецензентската комисија за што е донесено решение за измена на решението за формирање на рецензентска комисија со бр.26-456/18 од 29.06.2026 година.

На ден 14.07.2026 година ново избраниот член на Рецензентската комисија доставил Изјава бр.26-809/5 од 14.07.2026 година со која се откажува од рецензент и Известување бр. 26-809/6 од 14.07.2026 година известува дека го повлекува Стручното мислење (за вреднување на ракописите за учебник) бр.26-809/1 доставено до Педагошката служба на 13.07.2026 година и изјавува дека поради променети околности, претходно доставеното мислење е неважечко и нема правно дејство.

На седницата одржана на ден 21.07.2026 година од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование е избран нов член на рецензентската комисија за што е донесено решение за измена на решението за формирање на рецензентска комисија со бр.26-456/19 од 22.07.2026 година.

Ново избраниот член на Рецензентската комисија доставил Стручно мислење бр.26-456/20 од 28.07.2026 година во кое е наведено дека ракописите за учебник со шифра 013 и 014 не ги препорачува за печатење додека ракописот за учебник со шифра 015 со оглед на изнесените согледувања е ракопис кој се изделува според својот квалитет и затоа го препорачува за печатење со напомена да се прифатат забелешките на кои укажува.

На ден 28.07.2026 година од страна на два члена на Рецензентската комисија доставено е Заедничко сумарно мислење бр.26-456/21 во кое е наведено дека ракописите за учебник со шифри 013 и 014 не се препорачуваат за печатење додека ракописот за учебник со шифра 015 го препорачуваат за печатење и употреба во наставата, а пред печатењето е потребно да се внесат корекциите наведени во поединечните стручни мислења. Со оглед на фактот што при постапување на колегијални органи, одлуките се донесуваат со мнозинство гласови, а во конкретниот случај од три члена на рецензентската комисија, двајца даваат стручно мислење дека учебник со шифра 015 треба да се печати и употребува се продолжи со понатамошната постапка.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 25.06.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-765/1 од 29.06.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-765/2 од 29.07.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи да ги прифати извештајот на Бирото за развој на образованието и заедничкото сумарно мислење на Рецензентската комисија, ракописот за учебник со шифра 015 по наставниот предмет **Македонски јазик и литература за II година гимназиско образование**, да го прифати за учебник и да ја продолжи процедурата за издавање и употреба на истиот.

Педагошката служба со допис бр.26-456/25 од 29.07.2026 година се обрати до Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1224/1 од 24.11.2025 со напомена истиот да биде јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-98/2 од 29.07.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-456/29 од 29.07.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-33/1 од 12.03.2026 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвараа се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-33/1 од 12.03.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-456/30 од 29.07.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Македонски јазик и литература за II година гимназиско образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесена е Одлука за учебник да биде одобрен ракописот за учебник со шифра 015.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-33/1 од 12.03.2026 година на интернет страницата се констатира дека:

За ракописот за учебник **под шифра 013** се јавува Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје со авторите: Симон Саздов и Трајче Стамески.

За ракописот за учебник **со шифра 014** се јавува Друштвото за промет и услуги ТРИМАКС ДОО Скопје со авторот: Виолета Јанушева и

За ракописот за учебник **со шифра 015** се јавува Друштвото за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО со авторите: Веселинка Лаброска, Емилија Величкова, Наташа Ацевска, Тања Андонова-Митревска и Јованка Денкова.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 29.07.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**<u>Правна поука:</u>** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф. д-р Ташко Ризов

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=324481, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.07.29 16:32:21 +02'00'

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ
KOMISIONI NACIONAL PËR TEKSTE SHKOLLORE
Скопје - Shkup

Примил:
Маре Наковска
Арс студио 30.7.2026

примил: Арс Ламина 30.07.2026
Вера Деспотовиќ

Примил:
Теодора Јовановска 31.07.2026
Тримакс